**Известување за концентрација со која Фолксваген Акциенгезелшафт, Република Германија ќе стекне контрола над Еуропкар Мобилити Груп С.А., Париз, Франција**

**(предмет бр. 08-94/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 28.05.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Фолксваген Акциенгезелшафт (Volkswagen Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија има намера да стекне самостојна контрола над Еуропкар Мобилити Груп С.А. (Europcar Mobility Group S.A.), со регистрирано седиште на 13 тер булевар Бертиер, 75017 Париз, Франција

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Фолксваген Акциенгезелшафт** (ФВАГ) е друштво кое котира на берза, со седиште во Волфсбуг (Германија) и владејачко друштво на Фолксваген Групацијата .

**Фолксваген групацијата** е активна на светско ниво во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, туристички автобуси, шасии за автобуси и дизел мотори, мотоцикли, секој вклучувајќи резервни делови и додатоци. Фолксваген групацијата е активна и во дистрибуција на возила.

Фолксваген групацијата ги вклучува брендовите за моторни возила Фолксваген (Volkswagen), Фолксваген Комерцијални Возила (Volkswagen Commercial Vehicles), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборгини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), Купра (Cupra), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati).

Фолксваген групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

- Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и приоритетна дејност 64.910 – Финансиски лизинг,
- Порше Брокер АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и приоритетна дејност 66.220 – Дејности на застапници во осигурување и осигурителни посредници,
- Сканиа Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и приоритетна дејност 46.710 – Трговија на големо со моторни возила, и
- Порше Македонија ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 4, Скопје и приоритетна дејност 46.710 – Трговија на големо со моторни возила, Скопје.

Приоритетните дејности на овие друштва во Северна Македонија се претежно трговија со моторни возила и финансиски лизинг.

**Еуропкар Мобилити Груп С.А.,** моментално е индиректно заеднички контролирано од страна на Фолксваген и Гилпин Инвестментс Дезигнејтед Активити Компани (Gilpin Investments Designated Activity Company), друштво со ограничена одговорност основано

според законите на Ирска, со регистрирано седиште на Четврт кат, 3 Џорџс Док, ИФСЦ, Даблин 1, Ирска, регистрирано во Канцеларијата за регистрација на друштва во Ирска, под регистарски број 747739, кое е управувано од страна на Аттестор Лимитед (Attestor Limited;).

**Еуропкар Мобилити Груп С.А.,** е владејачко друштво на Еуропкар Мобилити Груп која нуди неколку решенија за мобилност.

Еуропкар Мобилити Груп нуди широк спектар на услуги поврзани со мобилност, особено изнајмување автомобили, но и изнајмување комбиња, а во помала мера и камиони и услуги за споделување автомобили. Дополнително, Еуропкар Мобилити Груп е исто така активна, во помала мера, во продажбата на половни автомобили.

Главните брендови на Еуропкар Мобилити Груп се:

- Europcar® - европски давател на услуги за изнајмување автомобили и лесни комерцијални возила;
- Goldcar® - давател на услуги за изнајмување автомобили во Европа по ниски цени; и
- Fox Rent A Car® - динамична понуда по ниски цени во Соединетите Американски Држави.

Во Северна Македонија, Еуропкар е активна преку својата франшиза во давањето на: услуги за краткорочно и долгорочно изнајмување под брендот Еуропкар, како и на услуги за краткорочно изнајмување под брендот ИнтерРент (InterRent).

Еуропкар нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија и не обезбедува директно било какви услуги на македонскиот пазар.

Според подносителот на известувањето, релевантниот пазар за предметната концентрација би може да се дефинира на национално ниво, односно како ***пазар за обезбедување услуги за изнајмување автомобили, а географскиот пазар како територија на Република Северна Македонија.***

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*
*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

02.06.2026 година

Скопје